Број 11- 1261/4
Датум 09.02.2024
Скопје

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), ), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош, во областа на спортот за 2024 година, Глава II Проектни активности, точка 9. Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош бр. 01/2024, 02/2024, 03/2024, 04/2024), а во врска со Одлуката на комисијата за објавување на Оглас за финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош бр. 11– 1261/4 од 09.02.2023 година, Комисијата за доделување на Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение, за Еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација и за Финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош, објавува

# ОГЛАС
## за финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош

## I. Право на пријавување

Право на пријавување имаат сите заинтересирани спортски клубови регистрирани со седиште на подрачјето на општина Карпош, а кои со своите програми и активности придонесуваат за развој на спортот.

Спортските клубови се должни во барањето да ги наведат причините, намената за кои ги бараат средствата со финансиска конструкција и спецификација.

## II. Потребни документи и услови за учество

1. Да поседуваат Потврда од матичните национални спортски федерации дека клубот е нивен член и има активно учество во системот на натпревари во тековната 2023/24 година;
2. Да имаат изработено годишна програма за работа на клубот;
3. Да имаат организирана и активна спортска школа и нејзино активно учество во натпреварувањето организирано од матичните национални спортски федерации;
4. Решение за регистрација на спортскиот клуб (и решение од централен регистар не постар од 3 месеци).

5. Спортските клубови да се регистрирани најмалку 3 (три ) години на подрачјето на Општина Карпош (Клубови регистрирани со седиште во друга општина, а подружница во Општина Карпош нема да се разгледуваат и истите ќе се одбијат).

## III. Критериуми за доделување на финансиска поддршка на спортски клубови

1. Организациона поставеност на спортскиот клуб;
2. Ранг на натпреварување и организирана спортска школа и сениорски тим
3. Успеси на клубот во последните 2 (две) години.

## IV. Висина на финансиската поддршка и рангирање

Во зависност од приложените документи, финансиската поддршка, Општина Карпош ќе ја доделува во висината до 120.000,00 денари и ќе се доделува според претходно изготвен правилник за оваа намена кој ќе биде објавен во прилог на овој оглас.

## V. Начин на пријавување

Документите можат да се доставаат по пошта на ул. Радика бр.9 - Скопје или во Архивата на Општина Карпош (во затворен плик), барака бр.2, со ознака „Не отворај“ и со назнака „За оглас за финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на општина Карпош“.

## VI. Рок за поднесување на документите

Рокот за поднесување на документите е заклучно со 29.02.2024 година.

Документите на спортските клубови кои се некомплетни нема да бидат разгледувани.

ОПШТИНА КАРПОШ

Комисијата за финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош

Членови на Комисијата се:

\-

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на ________ седница, одржана на ________ година, донесе

ПРЕДЛОГ- ПРАВИЛНИК
ЗА ЕДНОКРАТНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА
СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со овој правилник се уредуваат условите, начинот, критериумите и постапката за финансиска поддршка за спорт и рекреација кој се финансираат од буџетот на Општина Карпош за 2024 година.

**Член 2**

Финансиска поддршка се доделува на спортисти и спортски рекреативци – граѓани кои живеат на територија на Општина Карпош, како и на здруженија на граѓани регистрирани на територијата на Општина Карпош, со основна дејност спорт и рекреација.

(1) Финансиската поддршка за спорт и рекреација се доделува по пат на јавен повик кој ќе се објави од страна на Општината.
(2) Финансиска поддршка ќе се доделува на спортисти на возраст од 13 години до 18 години.
(3) Оваа еднократна финансиска поддршка ќе биде наменета за набавување / купување спортска опрема, подготовки, учество на домашни и меѓународни спортски настани, организирање на разни спортско рекреативни активности, спортски турнири, спортски манифестации и за остварување и реализирање на предвидените и зацртаните спортско рекреативни програми кои не се опфатени со програмата за дејноста спорт за 2024 година на Општина Карпош.
(4) За рекреативци, зруженија на граѓани (регистрирани на територијата на Општина Карпош, со основна дејност спорт и рекреација) проектите од областа на спортот, комисијата дава мислење дали да се одобрат и колкава да биде финансиската подршка, доколку процени дека проектот е од интерес и промоција на општината.

(5) Максимална финансиска подршка што може да ја одреди комисијата за еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација е до 30.000,00 денари.
(6) Оваа еднократна финансиска поддршка ќе се доделува еднаш годишно и ќе ја определува комисија составена од седум члена (четри члена од советот на општина Карпош и три члена од администрацијата на општината).
(7) Комисијата по разгледување на пристигнатите предмети дава предлог и мислење до градоначалникот. Градоначалникот има право да го прифати, измени или да го врати предлогот до комисијата на повторно разгледување.

КРИТЕРИУМИ ЗА СПОРТИСТИ

Спортистот мора да постигне индивидуални спортски резултат, потврдени од матичната национална спортска федерација и да се во согласност со календарот на натпревари на националните и меѓународните спортски федерации за периодот од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година. Националното спортско првенство ќе се земе во предвид доколку на него учествуваат пет и повеќе од пет екипи - клубови.

**Член 3**

КОЕФИЦИЕНТИ

а) Индивидуално Национално спортско првенство коефициент 4 (учество на најмалку пет спортски клубови);

б) Учество како репрезентативец на Балканско првенство коефициент 6 (учество на најмалку шест држави);

в) Учество како репрезентативец во квалификации за Европско или Светско првенство коефициент 8;

г) Учество како репрезентативец на Европско или Светско првенство и Олимписки игри коефициент 10.

БОДОВИ

- 1во место индивидуално Национално спортско првенство – 90 бодови (за национално спортско првенство учество на најмалку пет спортски клубови

- 2ро место индивидуално Национално првенство или меѓународно – 80 бодови (учество на најмалку пет спортски клубови);

- 1во место на Балканско првенство 100 бодови (учество на најмалку шест држави);

-2ро место на Балканско првенство 90 бодови (учество на најмалку шест држави);

- Учество како репрезентативец во квалификации за Европско или Светско првенство и Олимписки игри - 110 бода и

- Учество како репрезентативец на Европско или Светско првенство и Олимписки игри - 120 бода.

ВРЕДНОСТ НА БОД

**Член 4**

Вредноста на бодот се определува на начин така што од вкупно добиените бодови доделени на сите спортисти се собираат бодовите и се делат со вкупната сума на предвидените финансиските средства за оваа намена.

РАСПРЕДЕЛБА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

**Член 5**

Средствата ќе бидат распределени на начин што се собира бројот на освоени бодови на спортистот и се множи со вредноста на бодот за секој спортист поединечно.

КОМИСИЈА ЗА ЕДНОКРАТНА ФИНАНСИСКА ПОДРШКА
ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

Врз основа на член 22, став 1, точка 6, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош ________ седница одржана на _______ 2024 година, донесе

# ПРЕДЛОГ- ПРАВИЛНИК
# ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

## Член 1

Со овој правилник се уредуваат условите, начинот, критериумите и постапката за финансиска поддршка на сите активни спортски клубови регистрирани на територија на Општина Карпош кои со својот квалитет, програми и активности придонесуваат за развој на спортот и промоција на Општината и државата како на домашен, така и на меѓународен план, а се финансираат од буџетот на Општина Карпош.

## Член 2

Финансиската поддршка за спортски клубови регистрирани на територија на Општина Карпош се доделува по пат на оглас кој ќе се објави на веб страната на Општината.

## Член 3

Финансиската поддршка за спортски клубови регистрирани на територија на Општина Карпош ќе ја определува комисија составена од седум члена (четири члена од советот на општина Карпош и три члена од администрацијата на општината). Максимална финансиска поддршка што може да ја одреди комисијата за еднократна финансиска поддршка за спортски клубови е до 120.000,00 денари.
Комисијата по разгледување на пристигнатите предмети дава предлог и мислење до градоначалникот. Градоначалникот има право да го прифати, измени или врати предлогот до комисијата на повторно разгледување.

## Член 4

Право на пријавување имаат сите заинтересирани спортски клубови регистрирани со седиште на подрачјето на Општина Карпош најмалку 3 (три) години.

**Член 5**

Клубови регистрирани со седиште во друга општина, а подружница во Општина Карпош нема да се разгледуваат и истите ќе се одбијат.

**Член 6**

Потребни документи и услови за учество:

(1) Да поседуваат Потврда од матичната национална спортска федерација дека клубот е нивен член и има активно учество во системот на натпревари во изминатата 2023 година и тековната 2024 година;

(2) Да имаат изработено годишна програма за работа на клубот;

(3) Да имаат регистрирана, организирана и активна младинска спортска школа и нејзино активно учество во натпреварувањето организирано од матичните национални спортски федерации;

(4) Решение за регистрација на спортскиот клуб (Решение од Централен регистар не постар од 3 месеци).

КРИТЕРИУМИ ЗА СПОРТСКИ КЛУБОВИ

**Член 7**

1. Организациона поставеност на спортскиот клуб;
2. Ранг на натпреварување и организирано пионерско младинска школа и сениорски тим и нивно активно учество во систем на натпревари;
3. Успеси на клубот во последните 2 (две) години и
4. Број на регистрирани спортисти по категории.
5. Доколку клубот настапува во лига со помалку од 5 (пет) клуба финансиската подршка нема да биде поголема од 35.000,00 денари без разлика на постигнатите успеси.

**Член 8**

**а) Национално првенство колективни и индивидуални спортови - сениори**

| | Прво место-бодови | Второ место-бодови | Трето место-бодови |
|---|---|---|---|
| Прва Лига | 500 | 470 | 430 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Втора Лига | 320 | 300 | 270 |
| Трета Лига | 180 | 150 | 120 |

б) Освојување Куп на Македонија Сениори и млади категории

| Сениори | Млади категории |
|---|---|
| 450 | 300 |

в) Национално првенство колективни и индивидуални спортови – младинци, кадети и пионери

| Прво место-бодови | Второ место-бодови | Трето место-бодови |
|---|---|---|
| 320 | 300 | 270 |

в) Учество во меѓународни лиги колективни и индивидуални спортови

| | Прво место-бодови | Второ место-бодови | Трето место-бодови |
|---|---|---|---|
| Прва Лига | 550 | 500 | 460 |

г) Спортисти (колективни и индивидуални спортови) кои настапуваат за националната репрезентација бодовите се пренесуваат на клубот од кој доаѓа спортистот:

| Возрасни категории | Бодови |
|---|---|
| сениори | 300 |
| јуниори/младинци | 260 |
| кадети | 240 |
| пионери | 220 |

Репрезентативец на Македонија, да има учество најмалку на еден натпревар и да се наведе кога, каде и со кого бил натпреварот (да се достави копија од записник, билтен или друг доказ од натпреварот.

РАСПРЕДЕЛБА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

**Член 10**

Средствата ќе бидат распределени според добиените бодови на клубот од постигнатите успеси во последните две години. Се прави бодовна ранг листа на клубовите и според истата се распределуваат финансиските средствата.

КОМИСИЈА ЗА ЕДНОКРАТНА ФИНАНСИСКА ПОДРШКА
ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА И ФИНАНСИСКА ПОДРШКА НА
СПОРТСКИ КЛУБОВИ

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата одлучи Предлог правилникот за еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација да НЕ СЕ МЕНУВА, ОСТАНУВА ИСТИОТ КОЈ Е ПРЕТХОДНО УСВОЕН од страна на советот, додека предлог правилникот за спортски клубови ДА СЕ УСВОИ СО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ИЗМЕНИ,